Архивски број: 08-602/5
Датум: 11.12.2024

Постапувајќи по претставка бр. 08 - 602/1 од 5.9.2024 година, поднесена од [redacted] во Велес, против ЈЗУ Универзитетска клиника ТОАРИЛУЦ, за заштита од дискриминација врз основа на попреченост во областа на здравствената заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020) на ден 26.11.2024 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост во областа на здравствената заштита од страна на ЈЗУ Универзитетската клиника ТОАРИЛУЦ кон лица и пациенти со физичка попреченост.

**Образложение**

На 5.9.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од страна на [redacted] Велес против Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и Ургентен центар („**ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ**")за заштита од дискриминација врз основа на попреченост во областа на здравствената заштита.

Имено, подносителот на претставката наведува дека на денот на поднесување на претставката лифтот во ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ бил направен да се користи само со картичка, со што лицата и пациентите со инвалидитет не можат да го користат и мораат да одат по скали, што е невозможно за лице во инвалидска количка.

Во прилог на претставката беше доставена фотографија од лифтот на ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ, од која се гледа закачено соопштение на лифтот со следната содржина: „ЛИФТОТ СЕ КОРИСТИ ИСКЛУЧИВО СО УПОТРЕБА НА КАРТИЧКА".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 12.9.2024 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката со бр. 08-602/2 до ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ.

На ден 25.11.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по електронски пат беше доставен поднесок за произнесување по претставката од страна на ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ, заведен под наш бр. 08-602/3. Во прилог на електронската порака беше доставен Одговор по Известување за произнесување по наводи од претставка за сторена дискриминација бр. 03-2344/3 од 24.9.2024 година од ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ.

Во одговорот се изнесува дека клиниката не е во можност да се произнесе по наводите во претставката од причина што лифтовите на хируршките клиники, како и лифтот на ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ Скопје во однос на сервисирање, поправки, како и користење на лифтот со помош на читачи, односно картички, биле во сопственост и владение на ЈЗУ од областа на

здравството за потребите на универзитетските клиники, Завод и Ургентен центар Скопје, а ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ плаќа надоместок за услугите.
Оттука, од ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ информираат дека известувањето за произнесување по наводите од претставката за сторена дискриминација врз основа на попреченост со бр. 08-602/2 го доставиле до ЈЗУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар Скопје, кои се посочени како надлежен орган за произнесување по наводите во претставката.
Во таа насока, се наведува дека в.д. директорот на ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ Скопје, по усен пат побарал од ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар Скопје, да се тргнат читачите, односно картичките за користење на лифтот, со цел лицата и пациентите со попреченост да можат без проблем да ги користат лифтовите на клиниката.

На ден 21.11.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по електронски пат беше доставено Известување бр. 08-62/4 од страна на правната служба на ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ. Во Известувањето се наведува дека покрај лифтот кој е прикажан на фотографијата во прилог на претставката, постои и друг поголем лифт за превоз на пациенти кој го користат вработените во ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ, Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија и Универзитетската клиника за неврохирургија.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по неа и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека на ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ постои новомонтиран лифт кој се користи исклучиво со картичка, но истовремено постои и поголем лифт кој од страна на вработените се користи за превоз на пациенти, а чија употреба не зависи од валидирање на картичка.

Во оваа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Во конкретниот случај, самиот факт што новоинсталираните лифтови на ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ се користат исклучиво со картичка, не значи дека лицата и пациентите со физичка попреченост, на кои им е потребен лифт за пристапување до погорните катови на ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ, се ставени во по нееднаква положба од оние без физичка попреченост. Имено, за да биде таква состојбата, потребно е да не постои друга разумна алтернатива која тие би ја користеле со цел пристап до горните катови.
Меѓутоа, во случајот постои и друг лифт, покрај оние кои се користат само со картичка, чие користење не е ограничено на таков начин и истиот е достапен за сите пациенти, па следствено и за оние со физичка попреченост, со што Комисијата констатира дека нивното движење во ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ не е оневозможено.

При така констатирана состојба произлегува дека во случајот не може да стане збор за дискриминација, како повреда на одредено право врз основа на заштитна карактеристика.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
11.12.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- ЈЗУ Универзитетска клиника ТОАРИЛУЦ, ул. Мајка Тереза бр. 17, 1000 Скопје